# МЕМОРАНДУМ ЗА СОГЛАСНОСТ
# за принципите за работа на Мрежата на лица одговорни за управување со човечките ресурси во единиците за локална самоуправа(ЕЛС)

## И. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Мрежата на лица за управување со човечките ресурси во ЕЛС( во понатамошиот текст: Мрежата) ја сочинуваат лицата вршители на дејноста за управување со човечките ресурси во ЕЛС, и истите претставуваат членови на Мрежата.

Член 2

Лицата вршители на дејноста за управување со човечките ресурси во ЕЛС, ја создадоа Мрежата со помош на ЗЕЛС, заради поддршка на ЕЛС во вршење на дејности и активности поврзани со развојот на работната сила, промоција на управувањето со човечките ресурси, како и унапредување на професијата за управување со човечки ресурс во ЕЛС.

Член 3

Членовите на Мрежата се потписници на Меморандумот за согласност за принципите за работа на Мрежата, како и Заедницата на единиците за локална самоуправа на Република Македонија ( во понатамошниот текст: ЗЕЛС), како директен поддржувач на работата на Мрежата и стратешки партнер на Мрежата во остварување на целите, со давање помош во исполнување на годишната Програмата на приоритени цели и задачи на Мрежата.

Член 4

Овој Меморандум за согласност ги уредува:

- целите и задачите на Мрежата и начинот на нивно остварување;
- условите и начинот за членување во Мрежата;
- Управен орган на Мрежата, начинот на избор на членовите на органот и претседателот на органот, траење и мандатите и начинот на работа и одлучување;
- основањето на постојани работни тела Комитети на Мрежата;
-поддршката на ЗЕЛС, како стратешки партнер на Мрежата во остварување на целите;
- други прашања од значење за функционирањето на Мрежата.

**ИИ. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА МРЕЖАТА И НАЧИН НА НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ**

Член 5

Мрежата ќе се стреми кон остварување на следните главни цели:

- Да придонесе во подигнување на свесноста за значењето на управувањето со човечките ресурси во ЕЛС, заради неговиот значаен придонес во успешноста во работењето;
- Да се зајакне способноста и кредибилитетот на професијата управување со човечките ресурси за посестрано прифаќање и ценење на професијата;

Член 6

Мрежата своите цели и задачи ќе ги остварува преку:

- Соработка со ЗЕЛС за утврдување на потребите за развј на УЧР во ЕЛС;
- Изготвување на годишна Програма со приоритени цели и задачи на Мрежата;
- Изнаоѓање начин за реализација на Програмата во соработка со ЗЕЛС.
- Овозможување помош на ЕЛС во спроводување на законските одредби и добрите практики во управувањето со човечките ресурси;
- Помош на ЕЛС во извршувањето на процесите за управување со човечките ресурси и изготвување на стратешките документи;
- Промовирање и поттикнување на соработка и пријателски односи меѓу членовите на Мрежата, користење на сите форми за споделување на искуства и знаење;
- Ќе претставува медиум преку кој сите корисни информации на членовите ке им бидат достапни, преку организирање на периодични, ад-хок и вонредни состаноци помеѓу членовите на органот за управување и комитетите.
- При тоа сите случувања и заклучоци ќе им бидат доставувани на сите членови на Мрежата преку контакт листата на членството од регистарот за членство;

**ИИИ. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО МРЕЖАТА**

Член 7

Член на Мрежата може да биде секој државен службеник кој е вршител на дејноста управување со човечките ресурси во својата ЕЛС.

Членувањето во мрежата е доброволно и на волонтерска основа.

Зачленувањето во Мрежата се врши со запишување во регистарот на членството.

Мрежата за своите членови води регистар на членството, кој се ажурира при секоја промена во членството, а најмалку еднашгодишно. Секоја ЕЛС е застапена со 1 претставник во мрежата.
Лицето може да ја напушти мрежата доколку биде прераспределено на позиција која нема овластувања во областа управување со човечки ресурси, или доколку престане да работи во ЕЛС. Во тој случај, ЕЛС назначува лице - вршител на дејноста управување со човечки ресурси, кое ќе биде претставник на ЕЛС во мрежата.

Член 8

Секој член на Мрежата ги има следните права, обврски и должности:

- активно да учествува во работата на Мрежата, односно во креирањето и остварувањето на целите, задачите и програмата на Мрежата како и активностите кои произлегуваат од нив;
- да бира и да биде биран во органите на Мрежата;
- редовно да биде информиран за преземените и планирани активности на Мрежата од страна на Управниот орган и комитетите;
- да присуствува на годишната средба на Мрежата, која ја организира ЗЕЛС, како и на состаноците на другите органи формирани од Мрежата, ако е избран како член на истите;
-да дава предлози за подобрување на работата на Мрежата;
да и помагаат на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Макеоднија - ЗЕЛС, при утврдување на потребите за обуки во ЕЛС, креирање на програмите за обука на општинската администрација, како и за останати приоритети и потреби поврзани со зајакнување на капацитетите на админситацијата на локално ниво.

Член 9

Ниту еден член на Мрежата не смее да го користи своето членство како начин за реализација на политички интереси.

Член 10

Работата на Мрежата е јавна.

Јавноста на работењето се обезбедува со редовно известување на членовите на Мрежата за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските активности, со поднесување на извештај
за работата.

За информирање на членовите се користат интерните ресурси за комуникација на Мрежата.

За информирање на членовите и пошироката јавност Мрежата може да издава списанија и други печатени материјали.

## ИВ. РАБОТА НА МРЕЖАТА, ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ И КОМИТЕТИТЕ

Член 11

Собранието на Мрежата претставуваа највисок орган на Мрежата.

Собранието се состанува најмалку еднаш годишно на Годишната средба на Мрежата организирана од ЗЕЛС.

Член 12

Собранието одлучува за избор на членови во органот за управување, избор на претседател на органот, усвојување на Програмата за приоритени цели и задачи на Мрежата на предлог на Управен орган.

На Годишната средба по правило се одлучува со јавно гласање.

Секој член на Собранието има право на еден (1) глас.

Одлуката се изгласува со просто мнозинство од присутното членство.

Член 13

За заклучоците и одлкуките од Годишната средба на членството се води записник кој особено содржи податоци за:

- време, место и датум на одржување на средбата
- името на претседавачот со собранието(претседателот на органот за управување со Мрежата), односно името на записничарот(назначен е еден од членовите на органот за управување за записничар) и имињата на сите присутни членови;
- дневниот ред;
- бројот на присутните членови и кворумот за работа;
- Предлог Програмата со приоритени цели и задачи за наредната година
- одлуките, бројот на гласови за и против и бројот на воздржаните гласови;

### ИВ. 1 Орган на управување со Мрежата

Член 14

Управен орган со Мрежата брои осум(8) членови, кои ги избира членството на Мрежата, по предлог од 8-те плански региони, така што во составот треба да има по еден член од секој од 8-те плански региони.

Мандатот на членовите на органот за управување е 2 години.

Членовите на Управен орган се бираат од редот на членовите за Мрежата.

Член 15

Управен орган на Мрежата се состанува по потреба, но најмалку 3 пати годишно, во организација на ЗЕЛС. При тоа ги врши следните работи:

- Изготвува годишна Предлог Програма со приоритетни цели за равој и поддршка на Мрежата;
- Заседава со Годишната средба на Мрежата;
- Поднесува предлози и барања до ЗЕЛС, и други релевантни организации или институции за начин на исполнување на Програмата на приоритетни цели и задачи на мрежата.
- Го води регистарот на членството;
- Форира Комитети и избира координатор;
- Други работи од важност за работењет на Мрежата.

Член 16

Со состаноците на Управниот орган раководи и претседава Претседателот на органот. Состаноците се свикуваат по потреба но најмалку три пати годишно.

Состаноците на Управниот орган ги свикува и организира ЗЕЛС, ги известува членови за времето и местото на оддржување. Состаноците на органот за управување може да бидат организирани и како еднодневни работилници.

Предлог за свикување на состанок на Управниот орган може да достави Претседателот на органот или на заеднички предлог од 3 членови од органот, при што истиот се доставува до ЗЕЛС, за понатамошна организација на состанокот.

Член 17

Управниот орган може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половина од вкупниот број негови членови.

Секој член на органот на управување има право на еден глас.

Органот за управување своите одлуки ги донесува со просто мнозинство од присутните членови. При полн состав од осум (8) членови, гласот на претседателот се смета за два гласа. Гласот на Претседателот е одлучувачки, доколку гласовите на останатите членови се поделени.

Член 18

Претседателот на Управниот орган е истовремено и Претседател на Мрежата.

Претседателот ја претставува и застапува Мрежата.

Управниот орган го избира претседателот на Управниот орган кој е воедно и претседател на Мрежата, од своите редови со просто мнозинство на гласови , за мандат од две (2) години.

## ИВ. 2. Комитети

Член 19

Комитетите се формираат како постојани работни тела на Мрежата кои ќе бидат посветени за развој на конкретни области од управувањето со човечките ресурси во ЕЛС. Областите во кои ќе делуваат Комитетите, ќе бидат дополнително утврдени на средбите на членовите на мрежата, зависно од потребите во областа на управување со човечки ресурси.

Член 20

Комитетите се формираат од членовите на Мрежата и истите се запишуваат во регистарот за членството како посебни целини, при тоа се назначува областа на делување на Комитетот.

Член 21

Управниот орган сна Мрежата назначува координатор на Комитетот од членовите кои се во Комитетот.

Бројот на членови во комитетите е неограничен.

Начинот на работа на Комитетите не ограничен, може да се одвива преку електронска комуникација или на работни состаноци.

Член 22

Комитетите даваат предлози до органот за управување со Мрежата за цели и задачи во годишната Програма за приоритни цели на Мрежата.

## В. Улогата на ЗЕЛС во поддршката на работата на Мрежата

Член 23

ЗЕЛС како стратешки партнер на Мрежата во оставрување на целите на Мрежата, дава поддршка преку:

- Организирање на годишната средба на Мрежата;
- Свикување и организирање на состаноците на Управниот орган на Мрежата;
- Изнаоѓање на начини за реализација на Програмата на приоритени цели и задачи на Мрежата преку организирање на:

семинари, работилници, ангажирање на експерти кои ќе работат на задоволување на потребите за развој на областа за управување со човечките ресурси во ЕЛС.

## ВИ. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Измени и дополнувања на овој Меморандум се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

Член 25

Овој Меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето.

ПОТПИСНИЦИ од ЕЛС: ЗЕЛС:___________________________